Врз основа на член 45 Законот за административни службеници („Службен весник на РМ" бр.27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018) и („Службен весник на РСМ" бр.275/2019,14/2020, 215/2021 и 99/2022, 208/2024 и 210/2024), Секретарот на Општина Прилеп донесе:

# О Д Л У К А
## за избор за вработување на административен службеник по јавен оглас

1.По јавниот оглас оглас бр.183/2025 објавен на 23.04.2025 година во дневните весници Вечер, Слободен печат, Коха, за вработување на административен службеник во Општина Прилеп се избира :

- **Кандидатот со идентификациски код 9179D65, Александар Георгиоски** за работно место бр.1 од јавниот оглас, УПР 01 01 В04 000 , Помлад соработник за правни работи, Одделение за јавни набавки и администрирање со движен имот во сопственост на општината, Сектор за правни работи и општи работи- Општина Прилеп.

2.Именуваниот ќе биде вработен на работното место од став 1 на оваа Одлука по конечноста на Одлуката.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

На ден 23.04.2025 година во дневните весници Вечер, Слободен печат, Коха и на интернет страницата на Агенцијата за администрација објавен е јавен оглас бр.183/2025 за вработување на административен службеник во Општина Прилеп.

Со Решение бр.10-815/3 од 24.04.2025 година, формирана е Комисија за селекција за вработување по јавен оглас од страна на Агенција за администрација на РСМ. Комисијата за селекција по јавен оглас спроведе административна селекција за административен службеник Записник од извршената административна селекција за административен службеник бр.10-815/4 од 08.05.2025 година.

Со Решение бр.10-815/5 од 23.05.2025 година за измена и дополнување на Решението за формирање на Комисија за селекција за вработување по јавен оглас, извршена е измена на Комисија за селекција за вработување по јавен оглас од страна на Агенција за администрација на РСМ.

На ден 28.05.2025 година спроведен е испит за административен службеник и изготвен е Записник од спроведениот испит за административен службеник бр.10-815/6 од 28.05.2025 година. Воедно е изготвено и Решение за измена и дополнување на Решението за формирање на Комисија за селекција за вработување по јавен оглас со арх. бр. 10-815/5 од 23.05.2025 година по јавен оглас бр. 183/2025 и согласно измената во Решението е потпишан и записникот од спроведениот испит од страна на изменетите членови на Комисијата.

На ден 29.05.2025 година спроведена е проверка на веродостојноста на докази и интервју за административен службеник Записник од спроведена проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник бр.10-815/7 од 29.05.2025 година

Од доставениот предлог за вработување на кандидати по јавен оглас 183/2025 бр.-10-815/8 од 15.04.2025 година и конечната ранг листа, а примен и заверен во Општина Прилеп со арх.број 04-1264/9 од 30.05.2025 година, Секретарот на Општина Прилеп изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Правна поука**: Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право во рок од осум дена да поднесе жалба до Агенцијата за администрација.

Бр. 04-1264/10
04.06 2025 год.
Прилеп

СЕКРЕТАР
на Општина Прилеп
Марјан Матракоски

Доставено до:
- Избраниот кандидат
-Агенција за администрација (2)
-Архива и Одделение за човечки ресурси

Изработил: Мартина Багеска
Одорбрил Александра Кокароска